CIVICA MOBILITAS

Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги

МАЗЗ МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

ИНФОРМАТОР 4 | ИЗДАДЕНО ОД: Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги | 4[то] издание | Април, 2021

# Одржана седница на вонредно Изборно Собрание на ЗМАЗЗ




Македонската асоцијација на земјоделските задруги на 19.02.2021 година одржа седница на вонредно Изборно Собрание на која беше избрано новото раководство на организацијата. За Претседателка на организацијата беше избрана госпоѓата Сузана Димитриевска од земјоделската задруга Еко Илинден, Мустафино а за Потпретседател беше избран господинот Стојан Лазарев од земјоделската задруга Екопродукт, Конче. На седницата на Собрание присуствуваше и Државниот советник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и претставник од CARE Германија/Луксембург.

Новоизбрани членови на Управниот одбор на ЗМАЗЗ се:

1. Сузана Димитриевска – Претседател на ЗМАЗЗ претставник на “ЗЗ Еко Илинден” с. Мустафино, Свети Николе,
2. Стојан Лазарев – Потпретседател на ЗМАЗЗ претставник на “ЗЗ Екопродукт” с. Конче, Конче,

Членови на Управен одбор на ЗМАЗЗ:

3. Лазар Боев – претставник на “ЗЗ Петрушка Река” с. Миравци, Гевгелија,
4. Мукрем Мехмеди – претставник на “ЗЗ Рекански фармер” с. Трница, Маврово – Ростуше,
5. Петровски Дејан – претставник на “ЗЗ ПЛК” Неготино,
6. Ѓорги Ивановски – претставник на “ЗЗ Преспанка-Преспанско јаболче” Ресен,
7. Менде Трајковски – претставник на “ЗЗ Нектар БТ” Битола,
8. Драги Памуков – претставник на “ЗЗ Вегефреш” с. Куклиш, Струмица,
9. Љубе Пампулевски – претставник на “ЗЗ Крани” с. Крани, Ресен,

Покрај Управниот одбор, на седницата на вонредното Изборно Собрание во организацијата, избран беше и новиот состав на Надзорниот одбор. За членови на Надзорниот одбор на ЗМАЗЗ беа избрани:

1. Моме Младеновски – претставник на ЗЗ” Еко Овчеполка”, Скопје
2. Ѓорги Андонов – претставник на ЗЗ” Пчелин Рај” Струмица,
3. Ѓорги Хаџи – Котаров – претставник на ЗЗ “Органски Зрак” Струмица.
4. Милена Николовска – претставник на ЗЗ” Агри Пема” с. Дорфулија, Лозово.
5. Ристо Христов – претставник на ЗЗ” Агро Куклиш”, с. Куклиш, Струмица.

На сите избрани носители на функции им посакуваме многу успех и напорна работа во претстојниот мандат од 4 години!

# Обраќање на Претседателката на ЗМАЗЗ – Г-ѓа Сузана Димитриевска



Почитувани фармери, почитувани задругари,

Ми претставува особена чест и задоволство, како една од основачите а денес и Претседател на Македонската асоцијација на земјоделски задруги да дадам свој придонес за зголемување на свеста на фармерите за здружено делување во земјоделскиот сектор и нивно економско организирање во земјоделски задруги. Нашата држава е земјоделска држава и токму тоа е една од најзначајните стопански гранки за равој. Сметам дека посебно внимание треба да се посвети на едукацијата, како и директните средби со фармерите за надминување на стереотипите кон задругите од минатото и укажување дека сегашното здружување во задругите и кооперативите е нешто ново и позитивно и дека нашиот фармер само тука може да си го најде своето место за рентабилно производство и пласман на своите производи.

Земјоделските задруги се неопходни и тоа во насока на развој на организиран настап и создавање на конкурентен производ како најстар облик на здружување на производителите. Со развојот на земјоделството и појавата на пазарното производство се укажува потребата производителите да се здружуваат. Таквата потреба произлегува од фактот дека здружените производители можат полесно да се вклопат во пазарот и општествената поделба на трудот, поефикасно можат да ја издржат конкуренцијата на пазарот и сами да ја контролираат, поволно да се набавуваат репроматеријали, полесно да доаѓаат до кредити, потоа, да вршат специјализација и поделба на трудот внатре во самите задруги. Формирањето на задруга може да биде многу голем предизвик, но и многу благодарна активност. Таа бара голема доверба во моделот на функционирање на задругите, многу знаење, истражување, планирање, трпеливост и посветеност.

Развојот и создавањето на задруга можеби нема да го има посакуваниот исход или за успешно работење ќе биде потребно повеќе време од она што било предвидено. Предностите од членување во задруга е да се обезбедат поголеми финансиски придобивки за себе и својот бизнис и напорите на лицата кои инвестираат во себе, во својата и иднината на средините во кои што опстојуваат, на крајот ќе бидат наградени со придобивки.

Оттука, организирањето на земјоделските производители и заедничкото делување во земјоделски задруги е несомнено еден од најефективните начини за подобар пристап до инпути, финансии, информации и пазари. Земјоделските задруги им овозможуваат на производителите да остварат економски придобивки кои инаку не би можеле да ги постигнат сами. Здружени земјоделски производители ја подобруваат преговарачката моќ, ги намалуваат трошоците преку здружување на капиталот и ресурсите и овозможуваат подобар пристап до некои услуги, како што е маркетингот, кои се потешко достапни за поединците. Преку задругите, фармерите можат да постигнат поефикасна економија на обем, со намалување на единичните трошоци за инпути и услуги. Земјоделските задруги овозможуваат заедничко решавање на проблемите, развивање на нови пазарни можности или проширување на постојните пазари.

Во принцип, постоењето на функционални земјоделски задруги во земјава отвора поволни можности за развој на секторот, преку заедничко делување, комбинирање на ресурсите, заеднички настап на пазарите и слични придобивки. Сепак, во моментов задругите се соочуваат со голем број предизвици од организациски, законски и институционален карактер. При дефинирањето на препораките за земјоделските задруги, треба да се земе предвид дека се неопходни заеднички и координирани напори од страна на производителите, но и поддршка од институциите. Од една страна, преку соодветна едукација и мотивација потребно е поттикнување на земјоделските производители да се здружат за остварување на заедничкиот економски, социјален и културен интерес. Од друга страна, државата е должна да обезбеди соодветна рамка, програма и механизам за надминување на воочените препреки и успешно функционирање на задругарството.

За крај во име на ЗМАЗЗ посакувам успешна работа и конструктивно дејствување со сите засегнати чинители во секторот, каде што ние фармерите-задругари треба да покажеме обединетост и со здружени сили да одговориме на предизвиците кои не очекуваат во иднина!

Ви благодарам,
Сузана Димитриевска,
Претседател на ЗМАЗЗ

## Одржани 2 онлајн обуки за Лидерство и Демократско управување во земјоделски задруги

Македонската асоцијација на земјоделски задруги на 26-ти февруари и 5-ти март успешно реализираше две онлајн обуки за своето членство на тема: Лидерство и Демократско управување во земјоделски задруги.

Обуките се одржаа во рамките на Институционалниот грант на ЗМАЗЗ кој воедно е и дел од активностите предвидени во Годишниот план за работа на организацијата, поддржан од Цивика мобилитас програмата.

Целта на обуките беше учесниците, врз основа на нивниот специфичен интерес и потреби, да стекнат знаење и информации со кои полесно ќе ги практикуваат основните демократски принципи за управување во задругите како и меѓународните задружни начела: Рамноправност, Доброволно и солидарно членство, Самостојност, Меѓународна соработка и Грижа за заедницата.



# Започна втората фаза од менторската поддршка на ЗМАЗЗ во рамките на институционалниот грант од Цивика мобилитас програмата

Македонската асоцијација на земјоделски задруги во месец февруари го продолжи вториот циклус од менторскиот процес на ЗМАЗЗ кој е планиран да трае до месец март 2021 година. Во рамките на менторкиот процес, членките на ЗМАЗЗ имаа можност да работат на тема: Како едно – индивидуална акција, колективна моќ, односно да направат разлика помеѓу група од индивидуалци и еден унифициран тим. Во таа насока тимот на ЗМАЗЗ заедно со менторката Г-ѓа Сунчица Саздовска работеа на анализа со наслов „Да се работи како едно за да се оствари организациската мисија“ каде беа поттикнати да размислуваат и да се трудат да работат „како едно“ за успешно реализирање на целите на организацијата односно да имаат визија индивидуалната акција да ја претворат во колективна моќ. Тимот на ЗМАЗЗ успешно го идентификуваше и соодветниот архетип се со цел заедничко и успешно исполнување на мисијата на организацијата, предвиде акции за подобрено и функционално работење на организацијата и работеше анализа на тема: „Да се работи како едно за постигнување социјални промени“.






**Македонската асоцијација на земјоделски задруги и во ова издание на електронскиот информатор ја продолжува иницијативата за презентирање на успешни примери на земјоделски задруги – членки на ЗМАЗЗ, се со цел промоција и презентација на задружниот модел на економско организирање на фармерите и бенефитите кои произлегуваат од истото.**

Прва Лозарска Кооператива (ПЛК), Неготино е земјоделска задруга основана во ноември 2005 година на иницијатива на 6 лозари се со една цел -заедничка набавка на репроматеријали во лозарството, вршење на услуги со механизација и заедничка продажба на винско грозје. ПЛК е прва задруга од модерен, западен тип, основана во државата со донесувањето на новиот модерен закон во 2001 година. Во периодот пред формирање на ПЛК, целокупните набавки лозарите ги вршеле преку приватни претпријатија- земјоделски аптеки каде секоја година цените на репроматеријалите се покачувале, цените на винското грозје се намалувале, а бројот на трговци со репроматеријали (земјоделски аптеки) се зголемувал. Тоа бил очигледен доказ дека во тој бизнис за снабдување со репроматеријали има големи профити. За таа цел неколку лозари од истиот регион започнале истражување и успеале да дојдат до информации дека трговските маржи на репроматеријалите се движеле во нагорна линија, па затоа се одлучиле да започнат активности за регистрирање на земјоделска задруга.

Во период од 6 години ПЛК го зголемила бројот на членови на 14 а бројот на лозари кои соработуваат со ПЛК се искачил од 50 во 2005 година на над 300 во 2011 година. Денес ПЛК има 14 членови и е најголема задруга во регионот за набавка на репроматеријали и поддршка на лозарите со модерна механизација. ПЛК опслужува повеќе од 500 лозари со преку 1000 хектари лозови насади. Прва лозарска кооператива е една од поуспешните задруги во државата и е пример за организирање на фармерите и во други сектори на делување. По основањето на ПЛК, во РСМ се основаат преку 20 нови земјоделски задруги и тоа е тренд кој се повеќе зема замав.



# Назив на грант:
# **„Институционално јакнење на ЗМАЗЗ“**

Годишниот план за работа на ЗМАЗЗ е поддржан од
**Цивика мобилитас**

Времетраење на грант: **24 месеци**
1 година (Г1): **01.07.2020-30.06.2021**
2 година (Г2): **30.06.2021-30.06.2022**

Висина на грант
Г1: **1.746.500 МКД**
Г2: **1.700.000 МКД**

Целосен износ на грант: **3.446.500 МКД**

## Контакт

**ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ**
Мартин Мицевски – Генерален секретар
Тел: 072/273-567
E- мејл: m.micevski@mazz.mk

## Извршна канцеларија

**Адреса: ул. “Јордан Мијалков” бр. 38/1**
**1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**Телефон: 02/3141-830**
**070/290 853**

**E-мејл: mazz@mazz.mk**
**Веб сајт: www.mazz.mk**

**Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат**